ОПШТИНА БИТОЛА
**Градоначалник**

Врз основа на член 35 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. Весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), чл. 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/02) и донесената Програма за финансирање на изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Битола за 2024 година бр. 09-160/14 од 21.12.2023, Градоначалникот на Општина Битола го издава следното:

# СООПШТЕНИЕ
## за организирање на Повторна ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА и ЈАВНА АНКЕТА за Предлог ДУП за Четврт Југ 1 Блок Ј.01.04 – Општина Битола

Повторната Јавна презентација на **Предлог ДУП за Четврт Југ 1 Блок Ј.01.04 - Општина Битола,** ќе се одржи на ден **16.12.2024 година (понеделник) во 10.00 часот** во Салата на Совет на Општина Битола, на Бул. 1 ви Мај бр. 61 Општина Битола.

**Предлог ДУП за Четврт Југ 1 Блок Ј.01.04 – Општина Битола,** се однесува на опфатот кој е дефиниран со следните граници: на исток по осовина на постоечката улица "Студентска", на југ по улица "Стрчин", на запад по осовина на улица "Патар Чаулев", и улица "Стрчин" и на север по осовини на постоечки улици "Ѓорѓи Поп Христов", и улица "Прва" - соодветно на изложениот графички прилог. Површината на планскиот опфат во рамки на зададените граници изнесува 6.22 ха.

Графичкиот прилог од **Предлог ДУП за Четврт Југ 1 Блок Ј.01.04 – Општина Битола,** ќе биде изложен на огласна табла во просториите на Општина Битола почнувајќи од 16.12.2024 год. и на веб страната на Општина Битола www.bitola.gov.mk во панеот за јавна презентација и јавна анкета и информацискиот систем е-урбанизам.

**Повторната Јавна анкета на Предлог ДУП за Четврт Југ 1 Блок Ј.01.04 – Општина Битола, ќе трае 6 работни денови почнувајќи од 16.12.2024 година заклучно со 23.12.2024 година.**

Во одредениот рок заинтерисираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со предлог планот, можат да доставуваат забелешки, предлози и мислења на анкетни листови, во писмена форма, кои можат да ги подинат од шалтерите на Општина Битола или во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам.

Се повикуваат правните и физичките лица од конкретното подрачје на предлог планот да земат учество во јавната анкета, бидејќи тоа е од наш заеднички интерес.

08-1245/3
03.12.2024
Б И Т О Л А

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Битола

Тони Коњановски

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 340 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk